# ОДЛУКА

за организацијата за сите активности кои се вршат во врска со доменот

ДДХост како официјален регистрар, ја доставува оваа одлука цел детално да ви го објасни процесот на регистрација/пререгистрација/обнова на .мк домените.

Термините кои се користат во оваа одлука го имаат следново значење:

1. **Интернет** – глобален комуникациски систем кој се состои од голем број на меѓусебно поврзани автономни системи (мрежи) кои вршат размена на информации со користење на заеднички збир на протоколи за комуникација.

2. **IP адреса** – е нумерички идентификатор кој на недвосмислен начин овозможува адресирање на уреди поврзани на интернет.

3. **Именски опслужувачи** – имиња на именски сервери на кои е поставен доменот.

4. **Единствен регистар** – база на податоци на имиња на домени, нивните регистранти и овластени лица за нивна администрација. Регистарот ги содржи сите регистрирани домени во .mk и .мкд домените кои постојат на примарниот именски опслужувач за .mk и .мкд домените ( во понатамошниот текст- Регистар).

5. **МАРнет** – јавна установа која врши дејност од јавен интерес за развој, организација и управување на единствената образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија.

6. **Име на поддомен** – низа од дозволени карактери и симболи.

7. **Датум на регистрација** – датумот на кој доменот е регистриран и истиот е видлив во Регистарот.

8. **Датум на истекување на регистрација** – датум до кој е валиден доменот односно датум до кој се подмирени финансиските обврски за доменот и истиот е видлив во

Регистарот.

9. **Регистрант** – правно или физичко лице кое, како краен корисник, го регистрирал доменот преку овластен регистрар.

10. **Контакт** – е овластено правно или физичко лице, кое може да биде административен или технички контакт или е во улога на регистрант.

# ОПЕРАЦИИ СО .МК ДОМЕНИ

## 1. Пререгистрација на .мк домен

*Што е пререгистрација на домен?*

Од 01.04.2014 Марнет повеќе не врши регистрација .МК домени. Таа обврска сега ја имаат официјалните регистрари.

До 01.04.2015 потребно е сите регистрирани .МК домени да се префрлат на некој од регистрарите. Постапката на преминување од Марнет кон некој од регистрарите се нарекува пререгистрација.

*Цени за пререгистрација:*

Со самата пререгистрација доменот се обновува 1-10 години. Обновата се наплатува според тарифникот објавен на веб страницата на регистрарот.

*Кога може да се направи пререгистрација?*

Првата пререгистрација (од Марнет кон некој од новите официјални регистрари) може да се направи најрано 30 дена пред истекување на важноста на доменот.

*Кога најдоцна може да се направи пререгистрација?*

На датумот на истекување на важност на доменот, истиот влегува во зашититен период. Ако доменот не се обнови во првите 60 дена од заштитениот период, доменот се брише од .mk зоната, но не може да се регистрира од страна на друг регистрант. По истекот на останатите 60 дена од заштитениот период (или вкупно 120 дена) доменот се брише и може да се регистрира од страна на друг регистрант.

Постапка на пререгистрација

ДДХост Ви ја олеснува постапката за пререгистрација. Доволно е да ни пратите барање со Вашите домени, ние ќе ви вратиме пополнети барања во PDF формат. Барањето со печат, заедно со тековна состојба не постара од 6 месеци (за правни лица), го доставувате на нашата адреса бул. Авној 74/4/3. Доменот го пререгистрираме за најмногу 24 часа по прием на документацијата за што ќе бидете информирани на вашата електронска пошта

## 2. Регистрација на .мк домен

*Технички услови*

Називот на доменот ги содржи следните елементи и мора да ги исполнува следните услови:

- Да се состои од букви од абецедата (при тоа не се разликуваат мали и големи букви), броевите од 0-9 и знакот "-" (тире).

- Да се состои од најмалку 1 (еден) до најмногу 63 (шеесет и три) знаци, а притоа првиот и последниот не може да биде знакот "-" (тире).

- Не смее последователно да се појавуваат два заци "-" (тире).

*Постапка на регистрација*

1. Проверете дали доменот е слободен

2. Пополнете го барањето за регистрација и испратете го на info [at] ddhost.mk или направете нарачка online

3. Вашиот домен ќе биде регистриран во рок од 24 часа.

* **НАПОМЕНА**: Користете валидни податоци при процесот на регистрација, инаку во спортивно нема да можете да извршите никакви измени на податоците за регистрантот, да го отстапите на други лица или избришете доменот.

.com.mk, net.mk, inf.mk - Право да регистрираат имаат : трговски друштва, физички лица регистрирани за самостојно вршење дејност, лица со јавни овластувања, комори, задруги, финансиски организации, правни лица и физички лица регистрирани за вршење на стопанска дејност.

.org.mk - Право да регистрираат имаат : непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации, политички партии, синдикати, здравствени јавни установи, фондови, странски амбасади, непрофитни странски организации на кои со меѓународен договор или согласно со закон им е допуштено да вршат непрофитна дејност.

.edu.mk – Право да регистрираат имаат : образовни и научноистражувачки установи, странски образовни организации кои имаат дозвола за вршење образовна и научноистражувачка дејност.

.mk – Право да регистрираат имаат : сите физички и правни лица.

## 3. Промена на регистрар

*Што е промена на регистрант?*

Промена на регистрар, претставува преминување од еден кон друг регистрар.

*Цени за пререгистрација:*

Промената на регистрар е бесплатна и може да се направи неограничен број пати, во времетраење на валидноста на доменот.

*Постапка на промена на регистрант*

Секој регистрант е должен во секое време да ви достави код за трансфер на доменот. Истиот код го доставувате кај новиот регистрант. Со овој код, новиот регистрант го презема доменот.

## 4. Обновување на регистрација за .мк домен

Регистрантот поднесува барање за продолжување на регистрација на доменот до Регистраротот и тоа најмалку 15 дена пред истекот на времето за регистрација на следната e-mail адреса: info [at] ddhost.mk.

Доколку доменот не биде обновен до датумот на регистрација, влегува во заштитен период од 120 дена и во тој период не може да се прави промена на податоците на доменот.

Ако доменот не се обнови во првите 60 дена од заштитениот период, доменот се брише од .mk зоната, но не може да се регистрира од страна на друг регистрант.

По истекот на останатите 60 дена од заштитениот период (или вкупно 120 дена) доменот се брише и може да се регистрира од страна на друг регистрант.

## 5. Промена на податоци на регистрирани домени

Името на доменот НЕ МОЖЕ да се промени.

Регистраротот може да изврши промена во регистарот на домени, по барање на контактот за доменот и тоа:

● Промена на адмнистративен контакт може да врши регистрантот или самиот административен контакт.

● Промена на технички контакт може да врши регистрантот или самиот технички контакт.

● Промена на именските опслужувачи може да врши регистрантот, административниот или техничкиот контакт.

● Промена на регистрант може да врши само регистрантот заедно со новиот регистрант.

● Регистрантот е единствениот контакт кој е овластен за бришење на доменот.

● Промена на идентификатор (клуч) за контакт, не може да се направи.

● Идентификатор (клуч) за листата на именски опслужувачи не може да се промени.

● Идентификатор (клуч) за сет на клучеви, не може да се промени.

Промената на податоци за контактите како и именските опслужувачи е БЕСПЛАТНА

## 6. Бришење на .мк домен

Регистрацијата на доменот може да биде поништена, доменот деактивиран и избришан од регистарот во следните случаи:

● Регистрантот постапува спротивно на условите за регистрација на домени и спротивно на Правилникот за регистрација утврден од страна на МАРнет.

● Регистранот во писмена форма побарал поништување на регистрацијата и негово бришење од регистарот.

● Регистрантот на доменот не ги подмирил финансиските обврски за регистрација или обнова на доменот.

● Регистрантот не е во состојба да ги задоволи техничките услови за функционирањето на доменот.

● Регистрантот во постапката за регистрација дал погрешни и неверодостојни податоци и документација.

● Регистрантот не доставил промена на задолжителни податоци за себе и за употреба на доменот.

● Регистрантот не ги почитува своите обврски и одговорности пропишани со Правилникот за регистрација на домени.

● Регистрантот не презема одговорност или не соработува со службата, односно со лицата овластени за доменот и во други случаи кога е неопходно преземање на определени активности.

● Регистрантот на доменот го злоупотребува доменот на начин што со употреба или неупотреба ги повредува интелектуалната сопственост, авторските права според позитивните прописи.

● Во други случаи утврдени со закон.

Доколку доменот не биде обновен до датумот на регистрација, влегува во заштитен период од 120 дена и во тој период не може да се прави промена на податоците на доменот.

Ако доменот не се обнови во првите 60 дена од заштитениот период, доменот се брише од .mk зоната, но не може да се регистрира од страна на друг регистрант.

По истекот на останатите 60 дена од заштитениот период (или вкупно 120 дена) доменот се брише и може да се регистрира од страна на друг регистрант.

## 7. Отстапување на .мк домен

Стекнување право на користење на домен со наследување и со отстапување на домен

Доколку регистрантот престанал да постои, правните наследници можат да побараат стекнување на право на користење на доменот, односно пререгистрација на постојниот домен и упис на свое име во регистарот.

Со барањето за регистрација, мора да се поднесе и дополнителна документација, како правосилен акт со кој се докажува правото за наследување.

Регистрантот на доменот може со изјава да се откаже од правото на користење на доменот. Во моментот на давање писмена изјава кај Регистрарот, доменот се брише и може да се регистрира од друго лице во постапка за регистрација на домен.

За решавање на спорови во врска со регистрација на домени надлежна е постојаната арбитража при МАРнет во согласност со Правилникот за арбитражна постапка за решавање на спорови при регистрација на домени.